РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 04-1180/26

17.12.2025 год./viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување на неопределено време во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони бр.855/2025 и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 855/2025 бр.10-1984/14 од 15.12.2025 година, а заверен во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.04-1180/25 од 17.12.2025 година, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по објавен јавен оглас

1. За извршител на работното место Помлад соработник – благајник во Одделение за финансиски прашања во Сектор за управување со ресурси, со шифра УПР0101В04000, се избира кандидатот Азир Фазли со идентификациски код 61А0Е1А.
2. Именуваниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработен на ова работно место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното објавување.

## Образложение

На ден 26.07.2025 година во дневните весници Слободен Печат, Вечер и Коха и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен јавен оглас број 855/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник на работното место Помлад соработник – благајник во Одделение за финансиски прашања во Сектор за управување со ресурси, со шифра на работно место УПР0101В04000.

Со Решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1984/8 од 18.11.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1984/10 од 09.12.2025 година донесени од страна на Директорот на Агенцијата за администрација, формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.

Горенаведената Комисија започна со административна селекција на ден 02.12.2025 година и заврши на ден 02.12.2015 година за што состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-1984/9 од 02.12.2025 година, а на ден 12.12.2025 година се спроведе испит за пријавените кандидати и се состави Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-1984/12 од 12.12.2025 година.

По спроведената административна селекција и испит на ден 15.12.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација Комисијата започна со спроведување на постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервју и состави Записник од спроведената постапка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник број 10-1984/13 од 15.12.2025 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони беше доставена Конечна ранг листа на кандидатите и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 855/2025 бр.10-1984/14 од 15.12.2025 година, а заверен во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.04-1180/25 од 17.12.2025 година.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор
Д-р Гоце Димовски

____________________

Доставено до:

- Избраниот кандидат
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива

Изработил: Благородна Трајковска
Контролирал: Ирена К. Стојанова
Одобрил: Маја Жупаноска Стефановска